ОПШТИНА РАДОВИШ
СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2020 ГОДИНА

Дел. Бр. _43-93/1_____
Датум _14.01.2021 г.__
Место _Радовиш______

М.П.

Томе Даневски
Помошник раководител на
Сектор за инспекциски надзор

## Резиме

Годишниот Извештај за работата на Сектор за инспекциски надзор-Инспекторат на Општина Радовиш дава преглед на активностите за сите видови на инспекции во Сектор за инспекциски надзор-Инспекторат на Општина Радовиш согласно со надлежностите дадени со Законот за инспекциски надзор и материјалните закони од надлежност на секоја инспекција.

Законските надлежности за работа на инспекторите од сите области во Сектор за инспекциски надзор, освен посебните материјални закони се базираат и на закони од заедничка надлежност како: Законот за инспекциски надзор, Законот за општа управна постапка, Законот за прекршоци, Законот за постапување по претставки и предлози и Законот за локална самоуправа.

Годишниот извештај опфаќа: управување со ризици, организација и раководење, инспекциски надзор, обука на инспекторите и административните службеници, буџет и финансирање, меѓународна соработка, други активности на инспекциската служба и заклучоци и препораки.

## Управување со ризици

Секторот за инспекциски надзор со потенцијалните ризици генерално се справува со воспоставување на стручна и оперативна соработка со ПС на МВР во Радовиш. Во неколку наврати како поединечни така и взаемни активности во постапување на конкретни предмети.

## Организација и раководење

Сектор за инспекциски надзор-Инспекторат на Општина Радовиш е организиран во две Одделенија кои покриваат пет различни области и тоа:

1. Одделение за градежна,комунална и инспекција за сообраќај и патишта;
1.1 овластен комунален инспектор
1.2 овластен градежен инспектор
1.3 овластен инспектор за сообраќај и патишта
1.4 комунални редари
2. Одделение за друг вид надзор од надлежност на општината
2.1 овластен инспектор за животна средина
2.2 овластен даночен инспектор

Со секторот раководи помошник раководител на сектор, а со одделенијата раководат раководителите на одделенија.

Во секоја област работи по еден инспектор со овластување, освен за животна средина каде има два инспектора.

Новвработен е градежниот инспектор кој е на обука за стекнување со лиценца за инспектор согласно Законот за инспекциски надзор, а пензионирани инспектори нема.

**Табела 1. Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината по вид, возраст и звање**

| Вид | Инспектор за животна средина | | | Инспекто р за патен сообраќај | | Комунален инспектор | | Даночен инспектор | | Градежен инспектор | | Вкупно инспектори | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/ возраст | 41-50 г. | 51-60 г. | Вкупно | 51-60 г. | Вкупно | 51-60 г. | Вкупно | 41-50 г. | Вкупно | 31-40 г. | Вкупно | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | Вкупно |
| Б1-генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 - главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3-пом. главен инспектор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Б4 - виш инспектор | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 2 | 2 |
| В1 - советник инспектор | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| В2 - самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 - помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 - помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | 2 | | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | 1 | 2 | 3 | 6 |

**Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во годината**

| Вид | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за патен сообраќај | | | Комунален инспектор | | | Даночен инспектор | | | Градежен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/ возраст | Вработ. | Пензион. | Разлика | Вработ. | Пензион. | Разлика | Вработ. | Пензион. | Разлика | Вработ. | Пензион. | Разлика | Вработ. | Пензион. | Разлика | Вработ. | Пензион. | Разлика |
| Б1-генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 - главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3-пом. главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б4 - виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В1 - советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| В2 - самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 - помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В4 - помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |

## Инспекциски надзор

Испекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор.Секој инспектор го има реализирано својот месечен план во целост. Мора да се напомне дека во табела 3 не се опфатени инспекциските надзори на градежниот инспектор бидејќи тој е нововработен и нема право да води инспекциска постапка сѐ до завршувањето на обуката за стекнување со лиценца за инспектор согласно Законот за инспекциски надзор и добивањето на лиценца за инспектор.

Согласно член 14 од Законот за инспекциски надзор при вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот првенствено врши превентивна функција, а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор. Врз основа на ова во 2020 година од страна на инспекторите на Општина Радовиш има извршено околу 700 превентивни надзори.

**Табела 3. Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието**

| Ред. Бр. | Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Радовиш | 73 | 16 | 25 | 114 | 36 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Инспекторите во Секторот за инспекциски надзор-Инспекторат на Општина Радовиш во 2020 година уредно беа пријавени и посетуваа генерички обуки на сајтот на Министерството за информатичко општество.

Специјализирани обуки не се посетувани заради заштита од пандемијата со КОВИД-19.

## Буџет и финансирање

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите се предвидени во Буџетот на Општина Радовиш за 2020 година.

## Меѓународна соработка

Сектор за инспекциски надзор-Инспекторат на Општина Радовиш нема директни активности во делот на комуникација за меѓународна соработка, но во делокруг на своите службени контакти со одредени државни инспекторати во тек е со извесни реализирања на конкретни проектни активности на меѓународно ниво во делот на инспекциските работи.

Други активности на инспекциската служба

Покрај извршување на обврските на Секторот за инспекциски надзор-Инспекторат на Општина Радовиш, инспекторите се ангажирани и со дополнителни обврски од страна на раководната структура на ЕЛС Општина Радовиш со постапување по дополнителни овластувања за работни задачи кои не се директно поврзани со Законот за инспекциски надзор. Инспекторите во Секторот за инспекциски надзор се во комуникација и имаат соработка со други институции со цел за одржување на повисоко ниво на квалитет на услугите од државните и јавни институции кон граѓаните.

Заклучоци и препораки

Може да се заклучи дека се остварени целите и плановите предвидени за 2020 година со забелешка дека поради пандемијата со Ковид-19 и прогласување на вонредна состојба во одредени временски периоди се вршеа само неопходните и итни инспекциски надзори.

Се препорачува усогласување на законот за инспекциски надзор со материјалните закони.